# МРАЗОКРШАЧ

## ...или кога жената не се срами од женското...




Во летово што измина, на ликовната сцена се појави името на Ирена Паскали. Таа може да се смета себеси за мразокршачка. Зошто? Иако сѐ уште на ФЛУ, таа имаше смелост да си го зададе уметничкото видео како задача, која пионерски треба да се изврши. Нејзиниот интерес за видеозаписот се појавува во 3-тата година на студии, кога настанува видеото „DAS ICH". Настанува како студентска вежба во рамките на редовната стереотипна програма на ФЛУ. Нејзиното истражување на ова поле продолжува и понатаму и резултира со дипломска работа. Прва дипломска работа, кај професор Станко Плавевски, која е целосно дематеријализирана, каде што носачот на уметничкиот запис не е статичниот и опиплив ликовно-вајарс-



ки материјал. Тоа е видеоинсталацијата **Тетраграматон**. За среќа, нејзините видеокреации летово можеа да бидат афирмирани и покажани и на манифестацијата *Споени садови*, на Скопско лето, Охридско лето, Хераклејски вечери. Радува фактот дека Паскали настапува независно, без поддршка од некоја институција, која наменски ги афирмира новите техники, кои со себе носат нова естетика на изразувањето.

Како би се опишало она што Паскали ни го остави зад себе? Ако се земе поновата класификација во ликовната уметност, таа е типичен пример на женската уметност. Паскали во двата филма се свртува кон самата себеси. Иако се внесува себеси со своите копнежи и мечтаења, сепак нејзиниот приказ е универзален. Универзален затоа што го обработува женскиот принцип, женската природа. Конфликтот што е вечен. Во DAS ICH постои конфликт меѓу создавањето и уништувањето, креацијата и деструкцијата, чинот на вечната страст, посакувањето, давањето, имањето, прегорувањето. Моментот кога страста и емоциите ја надминуваат линијата на разумното, го уништуваат сето она што се создавало, и тука започнува болката. Вечниот непребол. Жената со својата моќ да создава, да дава живот, да се избори за него и да го задуши во момент на крајност. Жената што СОЗДАВА, САКА, ИМА, СЕ ПОВРЕДУВА СЕБЕСИ, УНИШТУВА, а него ГО ИМА, ГО НЕМА, и на крајот БОЛКА и ПЕПЕЛ. Жената што вечно е неразбрана и осудувана токму поради сето ова, а тоа води кон болка. И сето тоа кажано без предрасуди, без срам од тоа да си жена со сето свое битие, без страв од осуда.

Второто видео е замислено како видеоинсталација, создадена од 5 екрана. Се обработуваат четирите елементи - воздухот, огнот, водата и земјата. Секој елемент се проектира на посебен екран, а на петтиот - синтезата од сите нив. Тој може да оди и засебно, како видеопроекција. Тетраграматонот претставува реализација на една идеја, при која четирите елементи се моментите на нејзино развивање, а Паскали ги обработува преку себе. Идејата започнува во зеницата на десното око, моментот на зачетокот, кога надворешното се свртува кон внатрешното, се спушта надолу и тече во воздухот каде што е зачната идејата, со својата експанзија, која ја доживува во огнот. Водата ја носи веќе оформената идеја и ја канализира за да ја доживее својата материјализација во земјата. И како и во првото видео, како единствен актер се појавува авторката, која акцентот го става врз психолошкиот момент. Онака како таа ја доживува околината. Секој елемент носи посебен степен на психолошка напнатост и доживување.

Наде ПЕШЕВА



1300